Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 202/24), член 23 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" бр. 62/05; 106/08; 161/08; 114/09; 130/09; 50/10; 52/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15, 45/15, 72/15,129/15,27/16, 120/18 и ,,Службен весник на РСМ,, бр 110/19; 90/20; 267/20; 151/21; 288/21; 111/23; 93/24; 93/24; 39/25; 74/25; 124/25), член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ,, 275/19, 82/20, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25) и член 33 став 1 алинеја 7 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани распишува:

ЈАВЕН ОГЛАС
за избор на директор на ЈП"Пелагонија"-Кривогаштани

1. Кандидатите за директор на јавното претпријатие, покрај општите услови предвидени со закон, треба да ги исполнуваат и следните услови:

- е државјанин на Република Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има минимум пет години работно искуство,
- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT)- најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English:First) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

2. Потребни документи:

-уверение за државјанство
-лекарско уверение (за општа здравствена состојба)
-уверение/потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност
-диплома за завршено соодветно образование
-потврда за работно искуство
-меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English:First) – положен, БУЛАТС (BULATS)- најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

3. Директорот се избира со мандат од 4 години.

4.Работно време: 40 часа неделно и тоа од понеделник до петок од 08:00 до 16:00 часот.

5. Огласот трае 5 (пет) дена од денот на објавувањето на јавниот повик во дневните весници, разгледувањето на документацијата ќе се изврши во рок од 8 дена од истекот на рокот на огласот, а изборот ќе се изврши во рок од 15 дена од денот на доставувањето на целокупната документација до градоначалникот.

6. Пријавите поднесени после истекот на рокот и без потребните документи нема да се разгледуваат.

7. Документите се доставуваат во оригинал или фотокопија заверена на нотар до архивата на Општина Кривогаштани ул. Филип Втори,, бр. 84 Кривогаштани.

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски